SOUTH EASTERN EUROPE

# *ИНТЕГРИРАНА ПОЛИТИКА ЗА КВАЛИТЕТ, ИТ УСЛУГИ И ЗАШТИТА НА ЖИВОТНА СРЕДИНА*

АСCЕКО CEE е организација целосно посветена на креирање на квалитени производи и испорака на високо ниво на услуги на крајните корисници. Производните процеси се прилагодени на оваа стратешка определба на менаџерскиот тим следена од комплетната организација. Во фокусот на сите активности се клиентите и нивните потреби, односно ефективно и ефикасно испорачување на квалитетни производи и услуги и нашата желба за целосно задоволување на барањата на купувачите.

За таа цел АСCЕКО CEE се обврзува континуирано да го одржува и подобрува интегрираниот систем за управување со квалитет, ИТ услуги и заштита на животна средина со што ги исполнува барањата од стандардот ISO9001:2008, ISO/IEC 20000-1:2005 и ИСО 14001:2004.

Организацијата ја темели својата Интегрирана политика на следните шест фундаментални принципи на современото управување:

- **Задоволство на клиентите**
  Задоволството на клиентите што го чуствуваат при купување и користење на нашите производи и услуги е највисокото мерило на нивната вредност. Само купувачот е во состојба со својот степен на задоволство рационално да го одреди местото на нашите производи и услуги на пазарот.
- **Задоволство на вработените**
  Информатичката индустрија во која работиме се темели на нематеријални добра-креативност, иновација и имагинација – комбинирани со упорност и верба во себе и тимот во кој работи. Секој вработен е одговорен за постојаното подобрување и управувањето со квалитет на нашите процеси, производи и услуги.
- **Задоволство на деловните партнери**
  АСCЕКО CEE ја темели својата стратегија на партнерски односи со најпознатите светски брендови на софтверски и хардверски производи во областа на информатичко-телекомуникациската технологија. Тоа е во функција на заедничкиот настап на пазарот, односно развојот, прозиводството, дистрибуцијата или подршката на производите.
- **Задоволство на основачите-акционерите**
  Низ ефикасна реализација на стратегијата на развојот и годишниот бизнис план, компанијата ги обезбедува очекуваните резултати и профит како услов за континуитет на развојот на компанијата и задоволување на потребите на основачите-акционерите.
- **Грижа за животната средина**
  Грижата за животната средина претставува важна компонента од секојдневното работење, па затоа го имплементиравме Системот за менаџирање со животната средина, согласно стандардот ИСО 14001:2004, за да поттикнеме почитување на земјините природни ресурси и постојано да ги подобруваме нашите еколошки перформанси, со што ќе обезбедиме минимизирање на штетните влијанија со своите активности врз животната средина.
- **Грижа за општеството**
  Активно придонесуваме кон социјалниот и економскиот развој на општеството во кое работиме. АСCЕКО CEE учествува во широк опсег на активности како спонзорство на индивидуални лица и спонзорство на настани: спортски, од областа на уметноста, музиката и образовнието.

Постојано подобрување и подигање на нивото на услугите кои ги даваме на нашите клиенти го обезбедуваме со систем за управување со услуги кој се базира на исполнување на сите барања на клиентите дефинирани во меѓусебните договори со кои се задоволуваат барањата на бизнисот, планирање и управување со ресурсите и инфраструктурата, имплементирање на процеси за управување со инциденти и проблеми за обезбедување на неопходното ниво на услуги, како и управување со променети и нови услуги со запазување на планираните трошоци за нивна реализација.

Менаџерскиот тим превзема соодветни активности за информирање и едукација на вработените со цел да ја прифатат Интегрираната политиката како своја фундаментална обврска и право да бидат свесни дека нивната долгорочна перспектива е поврзана со нејзината реализација.

Животната средина не е нешто со кое можеме да се однесуваме како сакаме. Треба да ја чуваме за идните генерации и наша обврска е да се погрижиме да остане недопрена и погодна за животот на човекот. Свесни за неопходноста да ја заштитиме, зачуваме и унапредиме животната средина за

SOUTH EASTERN EUROPE

сегашните и идните генерации, нашата компанија Системот за управување и заштита на животната средина го заснова врз следниве принципи :

- Исполнувањето на регулаторните и законски барања за заштита на животната средина, представуваат минимални норми за нашата компанија.

- Континуирано воведуваме процеси за управување со аспектите на животна средина кој вклучува дефинирана методологија за континуирано идентификување, анализа и евалуација на нивните последици согласно утврдени критериуми, како и дефинирање на контроли за намалување на влијанијата и последиците по животната средина.

- Континуирано дејствуваме за унапредување и превенција од загадувања.
- Со обуката за подигање на свеста, за потребата од заштита на животната средина од загадување и други штетни влијанија, нашите вработени активно се вклучени во мерките за заштита кои ги превзема нашата компанија.

Јануари 2019 година

Управители

Костадин Славкоски

Снежана Јакимовска